




# ОСОГОВО

## ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА

Калин Камен – Царев Врв – Поникба – Злетово

**Почетна точка:** Калин Камен
**Должина:** 43.7 км
**Време траење:** 5-7h

**Ниво на техничка спремност:**
За искусни велосипедисти, средно тешка тура

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО
euroNATUR
FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY
sponsored by DBU Deutsche Bundesstiftung Umwelt
МТБ ИСТОК







# ВЕЛОСИПЕДСКА ТУРА

Калин Камен – Царев Врв – Пониква – Злетово

**Почетна точка:** Калин Камен
**Должина:** 43.7 км
**Висинска разлика:** 1617 m (Царев Врв - 2084 m., Злетово - 467 m)
**Ниво на техничка спремност:** За искусни велосипедисти
**Физичка подготвеност:** Средна - Висока
**Време траење:** 5-7h
**Вода:** 2 l Вода може да се наполни попатно на Калин Камен кон Царев Врв на бабина Чешма, потоа на чешмата „Свети Дух“ на околу 8 km од врвот, па изворот на Ивков Преслап пред Пониква. На пат кон Злетово има чешма над с. Ратковица и над с. Шталковица.
Храна: За половина ден.
Терен: Целиот терен се вози по земјен пат, освен на мал потег кај локалитет Пониква, каде се минува по асфалт.
Внимание: Осогово е погранична планина и затоа е потребно да се носат документи за идентификација. За група поголема од тројца треба да се извести граничната полиција за да бидат информирана за планираната тура и за престојот во регионот.
Препораки: Патеката не е обележана со сигнализација! Помош и совет побарајте од локалните велоситедски од МТБ Исток или обратите се кај нив за организирање на тура или водич.

Опис: Калин Камен се наоѓа на југ од познатиот манастир Св. Јоаким Осоговски од каде со автомобил, по асвалтен пат може да се стигне до почетокот на велосипедската патека. Од Калин Камен се движи до централниот врв на Осоговските Планини на нашата територија, односно до Царев Врв, или Султан Тепе, висок 2.084 m. Од овој, централен врв започнуваат изворишните делови наглавните реки на Осоговскиот Масив, како што се: Крива Река, Злетовска, Дурачка Река и Каменичка Река. Од овој врв, кон исток - североисток се забележува највисокиот врв на Осоговските Планини – Руен (2.252 m). Од Царев Врв на север - северозапад при погодни метеоролошки услови може да се забележи Славишката Котлина, а на југ Кочанската Котлина и, позади нејзе планината Плачковица. Од Царев Врв, велосипедската патека продолжува долж централениот срт на Осоговските Планини, кон југозапад до туристичкиот локалитет Пониква. Во овој дел на патеката, покрај препознатливата алпска (тревна) вегетација се сретнуваат и камењари. Од Пониква, патеката продолжува да се спушта на југозапад до селото Ратковица во чија близина е атрактивната Ратковa Скала. На овој локалитет се сретнуваат повеќе видови на грабливи птици и карактеристични растенија со карпеста подлога. Од Ратковица се навлегува во исклучително живописната долина на Шталковичка Река со каменесто дно и долж самата река, преку Турско Рударе се стигнува до крајната дестинација на велосипедската патека, односно до Злетово.



